# ЗА ПОДОБРА

## САБОТНА ШКОЛА





ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2018

*Сабота, 7 јули 2018*

Во текот на својот развој Црквата се соочувала со потреба да заземе став и да даде изјава во врска со различни теми што го привлекуваат вниманието на светот и на самите верници на Црквата.

Во ова и во следното тримесечје ќе имаме прилика од ова место да дознаеме повеќе за изјавите и насоките што ги дала Црквата во врска со одредени прашања.

## КАКО ДА СЕ ПРОУЧУВА БИБЛИЈАТА

### 1. Начела за пристап на толкувањето на Светото писмо

Ако бара божествена сила да биде послушен на сите библиски барања и да настојува лично на себе да ги примени сите библиски ветувања, Светиот Дух го оспособува верникот да ја прифати, да ја разбере и да ја примени Библијата во својот сопствен живот. Само оние кои ја прифаќаат веќе применаата светлина можат да се надеваат на новото просветлување на Духот (Јован 16,13.14; 1. Коринќаните 2,10-14).

Светото писмо не може правилно да се толкува без помошта на Светиот Дух, бидејќи Духот го оспособува верникот да може да го разбере и да го примени. Поради тоа, секое проучување на Речта треба да започне со молитва за водство и просветлување на Духот.

Оние кои ќе пристапат да ја проучуваат Речта, тоа мораат да го прават со вера, понизен дух на ученик кој сака да слушне што вели Библијата. Мора да бидат подготвени сите претпоставки, мислења и заклучоци да ги покорат на расудувањето на разумот и да ги исправат според самата Реч. Со таков став, студентот што ја чита Библијата може директно да премине на Речта и со внимателно проучување да стекне разбирање за важните елементи на спасение, ослободено од секое човечко објаснување, колку и да е корисно. За таквиот човек библиската порака добива значење. Истражувањето на Светото писмо секогаш мора да го следи искрена желба да се открие и слуша Божјата волја и Реч, а не да се бара поддршка или докази за однапред создадени идеи.

**2. Методи на проучување на Библијата**

За проучување на Библијата да избереме превод кој е верен на значењето во изворно пишуваните јазици, давајќи им предност на преводите на поширока група научници и изданијата на познатите издавачи над преводите зад кои стои одредена верска заедница или тесно насочена група.

Ќе внимаваме главните доктринални вистини да не ги градиме врз основа на еден библиски превод. Учените библиски научници ќе се послужат со грчките и еврејските текстови, што ќе им овозможи испитување на различни древни библиски ракописи.

Да избереме одреден план на проучување, избегнувајќи го случајниот и бесцелен пристап. Ги препорачуваме следните планови за проучување:

1. Анализа на веста во одредена книга.
2. Проучување стих по стих.
3. Проучување кое бара библиско решение за одреден животен проблем, библиско задоволување на некои потреби или библиски одговор на одредено прашање.
4. Проучување по предмети (вера, љубов, второто Христово доѓање и друго).
5. Проучување на одредени зборови.
6. Проучување на биографија.

Да настојуваме да го сфатиме едноставното, најочигледно значење на библискиот текст што го проучуваме.

Да настојуваме да ги откриеме главните теми на Светото писмо што се наоѓаат во одделни текстови, исечоци и книги. Преку целото Свето писмо се провлекуваат две основни, сродни теми:

1. Личноста и делото на Исуса Христа, и
2. перспективата на голема борба околу авторитетот на Божјата Реч, човековото паѓање во грев, првото и второто Христово доаѓање, одрекувањето од Бога и укинувањето на Неговиот закон и обнова на божествениот план за вселената. Овие теми мора да се извлечат од Светото писмо, а не да му се наметнат нему.

Да сфатиме дека Библијата е свој сопствен толкувач и дека значењето на зборовите, текстовите и стиховите најдобро се одредуваат со споредување на Писмото со Писмо.

*Сабота, 14 јули 2018*

## 2. ЦЕЛОСНО ПОСВЕТУВАЊЕ И ПРЕДАНОСТ НА БОГА

Историјата на Христијанската адвентистичка црква е полна со примери на поединци и институции кои биле и сè уште се живи сведоци на својата вера. Поради тоа што искрено се предале на Бог и што ја ценат Неговата неограничена љубов, сите тие имаат иста цел: да ја пренесат Радосната вест на другите. На тоа ги поттикнал еден клучен библиски текст. Овој текст е одговорен за одушевувањето во срцата на адвентистите. Го нарекуваме евангелски налог кој го дал самиот Господ, а е запишан во Матеј 28, 19.20: „Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот".

Овој налог на самиот Господ е едноставен, убав и обврзувачки. Упатен е на секој следбеник, секој верник, пастор или администратор – Одете – направете ученици – крстете – учете. Ова е движечко тело на дејствувањето на Црквата и претставува мерило на секоја процена и успех. Ги опфаќа сите нивоа на црковниот живот, од месната црква до Генералната конференција, школите и колеџите, издавачките куќи, здравствените установи и фабриките за производство на здрава храна. Ова ветување е проткаено и во крштелниот завет, во изјавата за мисијата, во целите, насоките, статутите и прописите „да сведочи за Неговото спасение", „да се овозможи проповедање на вечното евангелие", „на мнозинството да му се пружи леб на животот" и „да му се помогне во подготовката за Неговото скоро враќање". Четирикратниот налог Одете – направете ги ученици – крстете – учете одекнува секаде каде што адвентистите работат или се состануваат. Бидејќи Црквата пораснала според бројноста и сложеноста, сè повеќе верници, пастори и администратори поставувале сериозни прашања во односот на Црквата кон евангелскиот налог. Дали машинеријата на Црквата само исфрлува натпросечни производи и служби кои тешко се разликуваат од сличните во светот? Или Црквата настојува нејзините основни производи и служби на светот да му го откриваат светиот пат во вечниот живот? Ништо не треба да биде исклучено од овие прашања, било да се ра-

боти за црковни богослужби било за организациски и институциски програми и производи.

Дојдено е време Црквата како целина да поставува и да одговара на тешки прашања за тоа како таа се однесува кон водечкото начело на евангелскиот налог. Како тоа може да се оствари во животот на верниците, пасторите и месните цркви? Како можат да го мерат својот напредок при исполнувањето на евангелскиот налог? Како црковните универзитети, колеџи и академии, фабрики за здрава храна, современи здравствени установи, клиники, издавачки куќи и медиумски центри можат да развијат одговорност втемелена на евангелскиот налог?

Ова бара отворен и аналитички пристап во одредувањето каде се наоѓа Црквата во однос на Господовиот налог. Не е доволно да се мери успехот на световните мерила; не е доволно да им се даде приоритетет. Целосната посветеност на Бога пред сѐ вклучува целосно прифаќање на христијанските начела како што ги наоѓаме во Библијата поткрепена со Духот на пророштвото. Месните цркви, институциите, одделни црковни вработени и верници лесно можат да најдат задоволство во постигнатите цели, собраните средства, довршените градби, изедначените пресметки, постигнатата или обновената акредитација, а сепак да не го изврши евангелскиот налог. Првиот и постојан приоритет на Црквата мора да биде Господовиот налог: Одете, направете ученици, крстете, учете.

Иако евангелскиот налог не се менува, неговото исполнување се прикажува на различни начини. Пасторот работи во сосема друго опкружување од наставниците, лекарите или администраторите на некоја институција. Без оглед на личната или институционалната улога, секој е должен да ја изврши Божјата заповед: Одете, направете ученици, крстете, учете.

*Сабота, 21 јули 2018*

## 3. ФОРМИ НА БОГОСЛУЖЕНИЕ

Христијанската адвентистичка црква често доаѓа во контакт со најразлични култури во нехристијанските земји. Поради тоа, тема-

та за правилниот начин на богослужение станува мошне значајна. Во такви околности важно е да одлучиме што е прифатливо на адвентистичкото богослужение, а шта не. Повикувањето на луѓето да го прославуваат единствениот вистински Бог, зазема важно место во порaката и мисијата на Црквата. Всушност, во адвентистичката есхатологија, централен елемент во завршната борба меѓу доброто и злото е предметот за правото и лажно богослужение. Ние мора да бидеме мошне внимателни и претпазливи додека изнаоѓаме начини како да ги контекстуализираме адвентистичките богослуженија во светот. Во оваа работа мораме да бидеме постојано информирани за следните аспекти на адвентистичките богослуженија:

1. Бог е во самото средиште на службата, како нејзин врховен објект. Кога доаѓаме кај Бога, ние доаѓаме во контакт со самиот извор на живот, со нашиот Творец, со Оној кој со актот на милоста нè откупил, преку жртвата на неговиот возљубен Син. Ниту едно човечко суштество не смее да го узурпира тоа божествено право.

Божјиот народ доаѓа во Негово присуство како Христово тело, со почит и понизност, оддавајќи му чест преку обожавање, признавање на гревовите, молитва, благодарност и пеење. Верниците доаѓаат да ја слушаат Божјата Реч, да бидат заедно, да ја прославуваат Вечерата Господова, да им служат на другите. Нашата вера бара учество со полно срце, во кое Божјата Реч има централно место, молитвата е огнена, музиката пленува, а заедништвото во верата е опипливо. Овие елементи на богослужението се неопходни во сите адвентистички богослуженија во светот. Овие работи не треба да бидат дел од каков било обид да се контекстуализира адвентистичкото богослужение.

Ние сме комплексни битија во кои разумот и емоциите имаат важна улога. Правото богослужение се искажува преку нашето тело, умот, духот и емоциите. Адвентистичката црква повикува на баланс во овие аспекти во нашата личност на богослужение. Важно е да се има на ум дека каков било обид човекот да се стави во центарот на богослужението, треба да биде отфрлен. Колку телото ќе учествува на богослужението, ќе варира од култура до култура. Меѓутоа, сè треба да биде во согласност со дисциплината и самоконтролата, имајќи на ум дека централен аспект на службата на Бога е објавата на Речта.

Адвентистичките богослуженија треба да привлекуваат со богатството на големото откровение на Божјата Реч и со радоста во единството на заедницата на верниците во Христа, со големата тема за бескрајната Божја љубов, која може да се види преку создавањето, планот на откупување, Христовиот живот, неговото дело како Првосвештеник во Небесното светилиште и Неговото доаѓање во славата.

Музиката треба да го прославува Бога, а не претерано да ги стимулира емоциите, кои ќе ја надвие Божјата реч. Верниците треба да ги искажуваат своите најдлабоки чувства благодареност и радост во Господа, со дух на светот и почитување. Адвентистичките богослуженија треба да ја прославуваат Божјата творечка и спасителна моќ.

*Сабота, 28 јули 2018*

## АДВЕНТИСТИЧКА ФИЛОЗОФИЈА НА МУЗИКАТА

Бог ја врежал музиката во самото дело на создавањето. Откако создал сѐ „кога ликуваа утринските ѕвезди, и кога сите Божји синови извикуваа од радост“ (Јов 38,7) Книгата Откровение дава опис на Небото како место на непрекината пофалба, со песни кои го прославуаат Бога и Божјето Јагне.

Ние веруваме дека Евангелието влијае на сите области на животот. Затоа сметаме, со оглед на огромниот потенцијал на музиката на добро или зло, дека не можеме да останеме рамнодушни спрема неа. Додека сфаќаме дека вкусовите во музиката варираат од поединец до поединец, ние веруваме дека Светото Писмо и списите на Елена Вајт, сугерираат на принципите кои можат да влијаат на нашиот избор.

Музиката што ја избираат христијаните би требало да биде регулирана според следните принципи:

1. Сета музика што христијанинот ја слуша, изведува или ја компонира, било да е „света“ или „световна“, треба да го прославува Бога.

2. Сета музика што христијанинот ја слуша, изведува или ја ком-

понира, било да е „света“ или „световна“, треба да биде најблагородна и најдобра.

Од овие два темела – прославувањето на Бога во секоја работа и бирањето најблагородна и најдобра музика, зависат останатите наведени принципи при избор на музика за христијаните.

3. Музиката треба да се карактеризира со квалитет, баланс, пристојност и автентичност. Музиката ги храни нашите општествени, психолошки и социјални чувства, како и нашиот интелектуален раст.

4. Таа подеднакво поттикнува и на интелектот и на телото на позитивен начин. Таа има холистички пристап кон човечкото битие.

5. Музиката ја поттикнува креативноста која произлегува од квалитетни мелодии. Ако е хармонична, таа ги користи хармониите на интересен, уметнички начин, и ритам за да ги надополни.

Вокалната музика користи зборови кои позитивно ги поттикнуваат интелектуалните капацитети, како и нашите емоции и силата на волјата. Добрите зборови се креативни, богати во содржината и убаво составени. Тие се фокусираат на позитивните работи и ги одразуваат моралните вредности. Тие образуваат и издигнуваат, и усогласени се со библиската теологија.

Музичките и лирските елементи треба во заедничка хармонија да влијаат на размислувањето и однесуваето во согласност со библиските вредности.

Правата музика одрзува разумна рамнотежа на духовните, интелектуалните и емоционалните елементи.

Христијаните треба да го препознаат и признаат придонесот на различните култури во прославувањето на Бога. Музичките форми и инструменти варираат во широкото адвентистичко семејство во светот. Музиката од една култура може да звучи чудно во друга поинаква култура.

Творењето на христијанска адвентистичка музика значи да се избере најдоброто, и првенствено да ги води луѓето поблизу до Творецот и Господа, прославувајќи Го. Да се издигнеме се кон предизвикот на алтернативната музичка визија, и како дел од нашеата холистичка пророчка порака, да создадеме единствен адвентистички музички придонес како сведоштво во светот за народот кој го чека Христовото скорешно доаѓање.

*Сабота, 4 август 2018*

## ЗНАЧЕЊЕТО НА СЕМЕЈСТВОТО

Семејната врска е најтесна, најнежна и најсветла од сите човечки врски на земјата. Бог установил дека семејството прво осигурало топли и згрижувачки односи за кои копнее човечкото срце.

Во семејниот круг се задоволуваат длабоките и трајни потреби за припадност, љубов и интимност. Бог го благословува семејството и сака неговите членови да си помагаат едни со други во постигнувањето целосна зрелост и целовитост. Во христијанското семејство вредноста и достоинството на секој член се остварува и негува во атмосфера на почитување, еднаквост, отвореност и љубов. Во овој интимен круг се развиваат најраните и најтрајните гледишта на поединецот за односите и се пренесуваат моралните вредности од една генерација на друга.

Бог исто така сака по пат на семејни односи да се открие себеси и своите патишта. Во заемна љубов, почит, интимност и доживотен завет како составно ткиво, бракот е одраз на љубов, светост, блискост, трајност на врската помеѓу Христос и Неговата црква. Воспитанието и образованието кое го вршат родителите и возвратената љубов на потомстовото на укажаната љубов, е одраз на она што го доживуваат верниците како Божји деца. Со Божјата милост, семејството може да биде силно средство за приведување на нејзините членови кон Христос.

Гревот ги изопачил Божјите идеали за бракот и семејството. Освен тоа, сè поголемата сложеност на општеството и големиот стрес кој ги оптоварува односите, денес во многу семејства предизвикува криза. Последиците се гледаат во прекинатите и нарушени животи и односи, обележани со недоверба, конфликти, непријателство и отуѓеност. Многу членови на семејството, вклучувајќи ги родителите, дедовците и бабите, а посебно жените и децата, се изложени на семејно насилство. Зголемениот број разводи укажува на висок степен на брачно несогласување и несреќа.

На семејството му е потребна обнова и реформација на внатрешните односи. Тоа ќе помогне да се промени разорното однесување и постапките кои преовладуваат денес во многу домови. Благодаре-

ние на силата на евангелието, членовите на семејството можат да ја признаат својата грешност, да ги прифатат заемните недостатоци и во својот живот и односите да го доживеат Христовото спасителско исцелување. Иако некои семејни односи не достигнале идеал и можеби не е целосно остварено ослободувањето од штетните искуства, таму каде што владее Христовата љубов, Неговиот Дух ќе промовира единство и согласност и таквите домови ќе ги направи канали на животодавна радост и сила во Црквата и во општеството.

*Сабота, 11 август 2018*

## 6. **ИЗЈАВА ЗА ДОВЕРБА ВО ДУХОТ НА ПРОРОШТВОТО**

Во Откровение 12 Јован ја препознава Црквата на последното време како „И се разлути змевот на жената и отиде да војува со другите од семето нејзино што ги пазат Божјите заповеди и го имаат сведоштвото на Исус Христос." (стих 17). Веруваме дека Јован во овој краток пророчки опис ја прикажал Адвентистичката црква која не само што ги „држи Божјите заповеди" туку го чува и „Исусовото сведоштво" кое е „пророчки дух". Иако Елен Вајт за себе не ја присвојувала титулата „пророк", уверени сме дека ја вршела улогата на пророкот и повеќе од тоа. Рекла: „Мојата задача го опфаќа делото на пророкот, но со тоа не завршува" (1 СМ, стр. 36) „Ако другите ме нарекуваат со тоа име, не се противам." (Исто, стр. 134) „Моето дело опфаќа повеќе отколку што тоа име кажува. Себеси се сметам за весник на кој Господ му ги доверил пораките за Неговиот народ". (Исто, стр. 36)

Најважната задача на Елен Вајт била да го насочи вниманието кон Светото писмо. Пишувала: „Малку внимание се посветува на Библијата и Господ дал помало светло за луѓето и жените да се водат кон поголемо светло." (*Review and Herald*, 20 јануари 1903.) *Била уверена дека иако нејзините списи се „мало светло", сепак е светло, а извор на тоа светло е Бог.*

Како адвентисти на седмиот ден веруваме дека Бог „во својата Реч на луѓето им предал знаење потребно за спасение. Светите писма треба да се примат како верна и непогрешива објава на Негова-

та волја. Тие се мерило на карактерот, објава на науката и средство за испитување на искуството". (Големата борба, стр. 8) Ние сметаме дека библискиот канон е завршен. Меѓутоа, исто така веруваме, како и современиците на Елен Вајт, дека нејзините списи претставуваат божествен авторитет како за побожниот живот така и за доктрината. Поради тоа препорачуваме:

1. како црква да се молиме за силата на Светот Дух и во својот живот да ги внесеме инспиративните начела содржани во списите на Елен Г. Вајт и

2. да вложиме поголем труд за објавување и ширење на овие списи во светот.

*Сабота, 18 август 2018*

## 7. ВЛИЈАНИЕТО НА ДУХОВНАТА ОБНОВА ЗА ПРОМЕНИ ВО ОПШТЕСТВОТО

Општата присутност на злото во светот и грешноста на луѓето, влошена со наглите промени во образованието, индустријата, технологијата  и економијата, продолжува да предизвикува општествени промени на нашата планета. Поединците и семејствата често се чувствуваат беспомошни жртви на системот и околностите врз кои не можат да влијаат. Црквата смета, како дел од својата задача, дека треба да ја  продолжи Христовата служба во светот преполн со страдања. Тој служел со утеха, давање сила, ослободување и помирување. Заедно со другите христијани ние сме оздравувачка и стабилизирачка сила во ова време на големи промени. Кога сѐ околу нас е зовриено, Црквата дава гаранција дека постои Некој кој е над метежот во овој свет, кој не се менува и чии цели на крајот ќе се остварат. Црквата служи како стражар во општеството, како заедница која дава сила, поттикнувајќи ги поединците и семејствата да ги анализираат можностите во кои живеат, да го поддржат она што е добро и да ги совладаат промените на сѐ што е штетно.

За првите христијани е кажано: „оние што го побуниле целиот свет сега дошле и тука" (Дела на апостолите 17,6). Христовото евангелие само по себе претставува средство за промени. Во евангелие-

то наоѓаме разбирање за човечката слабост, а едновремено и поттик да изградиме совршена заедница со Бога и еден со друг, што била и божествена намера при создавањето. Веруваме дека со силата на Светиот Дух стануваме нови луѓе (Ефесјаните 4,22-24), дека излегуваме од темнина во светлина (1. Петрово 2,9) и дека денес ја доживуваме преобразувачката сила на идниот свет (Евреите 6,5). Оваа духовна обнова проникнува во општеството како што солта дава вкус и како што светлината ја брка темнината. Присутноста на духовно обновените луѓе во општеството може да изврши дело кое политичките и општествените иницијативи сами не можат да го остварат. Христијаните кои ја искусиле Христовата преобразувачка сила се стабилни, потпорни столбови на општеството; тие ги штитат важните вредности на животот. Тие дејствуваат како средства на промени и покрај моралното пропаѓање. Нивната активна присутност во општеството исполнува со надеж кога поединците и семејствата стануваат облагородени со христијанските начела во својот живот, и нивните животи и односи ги зајакнуваат другите околу нив.

*Сабота, 25 август 2018*

## 8. БЕЗДОМНИЦИ И СИРОМАШНИ

Во светот во кој пустоши гревот се намножуваат горчливите плодови на лакомост, војна и незнаење. Дури и во таканаречените „богати општества“ расте бројот на бездомници и сиромашни. Повеќе од 10.000 луѓе секојдневно умираат од глад. Две милијарди се недоволно исхранети, а илјадници годишно ослепуваат поради недостиг од храна. Приближно две третини од светското население е опфатено во кругот на гладот, болестите и смртта. Некои сами се одговорни за својата состојба, но повеќето од овие поединци и семејства се изложени на беда поради политички, економски, културни и општествени случувања врз кои, главно, не можат да влијаат.

Историски гледано, овие луѓе нашле помош и поддршка во срцата на следбениците на Исуса Христа. Во многу случаи, Црквата основала добротворни установи кои подоцна ги преземале устано-

вите на власта, или обратно. Овие установи, ослободени од идеолошката несебичност, се одраз на признанието на општеството дека во негов сопствен интерес е милосрдно да се постапува со оние кои имаат помала среќа.

Социолозите ни велат дека во услови на сиромаштија голем број од злото наоѓа плодна почва. Чувствата на безнадежност, отуѓеност, љубомора и огорченост често предизвикуваат асоцијални гледишта и однесувања. А општеството тогаш мора да ги плаќа последиците од таквите зла по пат на судови, затвори, социјални установи. Сиромаштијата и несреќата сами по себе не се причина за криминал, ниту, пак, се оправдание за него. Но, кога луѓето ќе се оглушат на молбите за милосрдие, лесно следи обесхрабрување, па дури и огорченост.

Барањата за христијанско милосрдие не се оправдани. Тие не се засновани на некоја правна или социјална договорена теорија, туку почиваат на јасното учење на Светото писмо: „Човеку, објавено ти е, што е добро, што бара Господ од тебе: да се прави само правда, да се љуби милосрдието и да се оди смирено со својот Бог“ (Михеј 6,8).

На адвентистите посебно им е омилена педесет и осмата глава од Книгата на пророкот Исаија. Сметаме дека според оваа глава секој од нас е должен да биде: „поправач на урнатините и обновител на патиштата до населбите“ (стих 12).

Повикани сме да ги „разврземе врските на безбожноста“, „да го поделиме лебот свој со гладните, да ги донесеме под покривот свој бездомниците, да го облечеш оној што го гледаш гол“ (стихови 6.7). Како поправачи на урнатините, ние треба да се грижиме за сиромашните. Ако ги спроведуваме начелата на Божјиот закон со дела на милосрдие и љубов, ние на светот ќе му го прикажеме Божјиот карактер.

За да можеме денес да ја оствариме Христовата служба, мораме да го правиме она што Тој го правел; не само да им го проповедаме евангелието на сиромашните, туку да ги лечиме и болните, да ги храниме гладните, да ги подигаме презрените (види Лука 4,18,19; Матеј 14,14). Но, Матеј 14,16 за народот појаснува дека „нема потреба да одат, дајте им вие да јадат“. На Христовите следбеници доволен им е Неговиот личен пример.

Во одговорот на Јудината лажна грижа за сиромашните: „Бидејќи сиромасите ќе ги имате секогаш покрај себе, а Мене ќе ме немате секогаш“ (Матеј 26,11), Христос нѐ потсетува дека на луѓето повеќе од сѐ им е потребен „Лебот на животот“. Поради тоа и ние ја препознаваме нераздвоеноста на физичкото од духовното. Поддржувањето на плановите на црквата и општеството ги олеснува патилата, заедно со поединечните и соединетите делови на милосрдието, ние го зголемуваме токму овој духовен напор.

*Сабота, 1 септември 2018*

## 9. ГРИЖА ЗА СЀ ШТО Е СОЗДАДЕНО – ИЗЈАВА ЗА ОКОЛИНАТА

Светот во кој живееме е дар на љубовта на Бог Творецот, Создател на „небото и земјата, морето и изворите“ (Откровение 14,7; 11,17.18). Бог ги ставил луѓето среде сето она што го создал и намерно ги поврзал со себе, со другите и со светот кој ги опкружува. Затоа како адвентисти сметаме дека чувањето и грижата за околината е тесно поврзано со нашата служба на Бога.

Бог го издвоил седмиот ден, саботата, да биде споменик и постојан потсетник на Неговото дело на создавање и основање на светот. Со одморањето на тој ден, адвентистите го утврдуваат посебното значење на заедништвото со Создателот и со она што Тој го создал. Празнувањето на саботата ја истакнува важноста на нашата интеграција со целокупната средина.

Човековата одлука да му биде непослушен на Бога го нарушила првобитниот поредок на создавањето и довела до неусогласеност во однос на Неговите намери. Поради тоа воздухот и водата ни се загадени, шумите и дивечот ограбени, а природните богатства потрошени. Бидејќи сметаме дека луѓето се дел од Божјото создавање, нашата грижа за околината се проширува и на личното здравје и начинот на живот. Ние застапуваме здрав начин на живот и ја отфрламе употребата на супстанции како што се тутун, алкохол и други дроги кои му штетат на телото и ги голтаат земјените ресурси; затоа препорачуваме едноставна вегетаријанска храна.

Адвентистите настојуваат да воспостават искрени соработнички односи со сите луѓе, свесни за своето заедничко потекло и фактот дека нашето човечко достоинство е дар од Создателот. Бидејќи сиромаштијата на човекот и уништувањето на животната средина се меѓусебно поврзани, ние се залагаме за подобрување на квалитетот на животот на сите луѓе. Наша цел е развивање на ресурсите кои ќе овозможат задоволување на човечките потреби.

Вистинскиот напредок во грижата за нашата природна околина зависи од личниот и заедничкиот напор. Ние го прифаќаме предизвикот да работиме на обнова на целокупниот Божји план. Поттикнати од верата во Бога, се посветуваме на лечењето на ниво на личноста и околината кое произлегува од средените животи, решени да му служат на Бог и човештвото.

Со оваа одлука потврдуваме дека сме управители на Божјото создавање и веруваме дека целосната обнова ќе биде довршена само кога Бог ќе направи „сè ново“.

*Сабота, 8 септември 2018*

## 10. ИЗЈАВА ЗА ГРИЖА ЗА ОНИЕ КОИ УМИРААТ

Поради својата подготвеност да се грижат за целиот човек, адвентистите се заинтересирани за физичка, душевна и духовна грижа за оние кои умираат. Поради тоа се нудат следниве втемелени библиски начела:

1. Личноста на која ѝ се приближува крајот на животот, а е способна да разбере, заслужува да ја знае вистината за својата состојба, за можностите на третманот и можниот резултат. Не треба да се крие вистината, туку да се изнесе во христијанска љубов и чувствителност кон личните и културните сфаќања на пациентот (Ефесјаните 4,15).

2. Бог на човечките суштества им дал слобода на избор и очекува таа слобода одговорно да ја користат. Адвентистите веруваат дека оваа слобода се однесува и на одлуките за медицинската грижа. Откако ќе побара Божјо водство и ќе ги разгледа интересите на сите оние кои ќе засегнати со одлуката (Римјаните 14,7), како и меди-

цински совет, личноста која е способна сама да донесе одлука, треба да реши дали ќе ги прифати или ќе ги отфрли медицинските интервенции за продолжување на животот. Таквите луѓе не треба да се присилуваат да се подложат на медицински третман ако го сметаат за неприфатлив.

3. Божјиот план за луѓето е да бидат негувани во семејството и верската заедница. Одлуките поврзани со човечкиот живот најдобро е да се донесат во рамки на здравите семејни односи по разгледувањето на медицинскиот совет (1. Мојсеева 2,8; Марко 10,6-9; 2. Мојсеева 20,12; Ефесјаните 5,6). Кога личноста која умира не е во состојба да даде согласност или да донесе одлука каква медицинска интервенција повеќе би ѝ одговарала, таквите одлуки треба да ги донесе личноста што ја избрал тој што е на умирање. Ако нема таква избрана личност, тогаш одлуката треба да ја донесе некој близок роднина на лицето кое умира. Само во исклучителни пригоди, здравствените или правните стручњаци одлуките треба да им ги препуштат одлуките за медицинските интервенции на оние кои им се најблиски. Желбите и одлуките најдобро е да се изразат писмено, водејќи сметка да бидат во согласност со постојните законски прописи.

4. Христијанската љубов е практична и одговорна (Римјаните 13,8-10; 1. Коринќаните 13; Јаков 1,27; 2,14-17). Таа не ја негира верата ниту обврзува да ги понудиме или да ги прифатиме медицинските интервенции со кои оптоварувањата ги надминуваат можните придобивки. На пример, кога медицинската грижа само ги одржува физичките функции, без надеж дека на пациентот ќе му се врати свеста, бескорисно е и може со чиста совест да се скрати или да се повлече. Исто така, медицинскиот третман, чија цел е продолжување на животот, може да се изостави или да се сопре ако на пациентот само му долева маки или непотребно се продолжува процесот на умирање. Секоја постапка треба да биде направена во согласност со законските овластувања.

5. Иако христијанската љубов може да доведе до скратување или повлекување на медицинските интервенции кои смо ги зголемуваат страдањата или го продолжуваат умирањето, адвентистите не практикуваат „милосрдно убиство“, ниту помагаат во самоубиство (1. Мојсеева 9,5.6; 2. Мојсеева 20,13; 23,7). Адвентистите се противат

на активната евтаназија, со намерно одземање на животот на личноста која страда или умира.

6. Христијанското сочувство бара олеснување на страдањата (Матеј 25,34-40; Лука 10,29-37). Во грижата за лицето кое умира, христијанска должност е да се олесни болката и страдањето колку што може, но без активна евтаназија. Кога ќе стане јасно дека медицинската интервенција нема да го излекува пациетот, примарната цел на грижата преминува на олеснување на страдањето.

7. Библиското начело на правдата налага да се посвети посебно внимание на потребата на незаштитените и зависните од друг (Псалм 82,3.4; Мудри изреки 24,11.12; Исаија 1,1-18; Михаил 6,8; Лука 1,53-54). Поради нивната ранливост треба постојано да се настојува кон лицата кои умираат да се постапува со чување на нивното достоинство и без дискриминација. Грижата за оној кој умира треба да биде заснована на духовните и медицинските потреби и одлуки што ги донеле, а не на оцена на нивните општествени вредности (Јаков 2,1-9).

Во настојувањето да се применат овие начела, адвентистите црпат надеж и храброст од фактот дека Бог одговара на молитвите на своите деца и дека е во состојба да направи чуда за нивно добро (Псалм 103,1-3; Јаков 5,13-16). Следејќи го Исусовиот пример, тие се молат во сè да ја прифатат Божјата волја (Матеј 26,39). Сигурни се дека можат да се повикаат на Божјата сила да им помогне во грижата за физичките и духовните потреби на оние кои страдаат и умираат. Свесни се дека Божјата милост е доволна да ги оспособи за трпение (Псалм 50,14.15). Веруваат дека вечниот живот, за сите кои веруваат во Исуса, е осигуран во триумфот на Божјата љубов.

*Сабота, 15 септември 2018*

## 11. НАСИЛСТВО ВО СЕМЕЈСТВОТО

Под семејно насилство подразбираме напад од кој било вид на вербална, физичка, емиционална, сексуална, како и активна и пасивна негрижа што ја врши личност или личности на некој од семејството, било да се во брак или роднини, било да живеат заедно или од-

воено, или да се разведени. Моменталните меѓународни истражувања покажуваат дека семејното насилство е глобален проблем.

Уверени сме дека Црквата е должна:

***1. Да се грижи за оние кои страдаат од злоставување во семејството и да одговори на нивните потреби***

- На тој начин што ќе ги сослуша и ќе ги прифати оние кои страдаат од злоставување, покажувајќи им дека ги сака и ги смета за добри и скапоцени личности.
- Да укажува на неправдата од злоупотреба и застанува во одбрана на жртвите како во заедницата на верата така и во општеството.
- Да осигури служба за грижа и помош на семејствата изложени на насилство и злоставување, настојувајќи на жртвите и на сторителите да им овозможи советување од адвентистички стручњаци, кога тоа е можно, или други стручни служби во ошштествената заедница.
- Да се поттикнува обучување и основање на признати адвентистички стручни служби како за верниците на црквата така и за околните општествени заедници.
- Да се понуди служба на помирување кога покајувањето на сторителот му овозможува размислување за простувањето и обнова на односите. Покајувањето секогаш опфаќа прифаќање на полна одговорност за стореното дело, подготвеност за надомест во секој можен поглед и промена во однесувањето за да се отстрани злоставувањето.
- Да се насочи светлоста на евангелието на природата на односот помеѓу мажот и жената, родителите и детето, како и други блиски односи, и да им се овозможи на поединците во семејството во својот живот заедно да растат во согласност со Божјите идеали.
- Да се чуваат од избегнување на жртви и сторители во семејството и црковната заедница, но притоа сторителите непопустливо да се сметаат за одговорни за сторените недела.

***2. Да се зајакне семејниот живот***

- Со грижата за поучување за семејниот живот, проткаена со милосрдие, во кое е вклучено библиско разбирање на заемност, еднак-

вост и почитување на неопходното во христијанските односи.

- Подобро разбирање на елементите кои придонесуваат за семејно насилство.

- Со развивање можности да се спречи злоставувањето и насилството, како и повторувањето на циклусот што често го гледаме во семејствата во низата поколенија.

- Со исправање на наследените верски и културни уверувања со кои се оправдува или прикрива семејното насилство. На пример, иако Бог од родителите очекува примена на дисциплина за доброто на своите деца, оваа одговорност не им дава право да прибегнат кон грубо казнување.

**3.** ***Да се прифати нашата морална одговорност*** да бидеме будни и да реагираме на злоставувањето во семејствата во нашите цркви и општествени заедници, и таквото насилничко однесување да го прогласиме за кршење на адвентистичките начела. Не смееме да го намалуваме, туку сериозно да го сфатиме секое навестување или извештај за злоставување. Верниците кои остануваат рамнодушни и не реагираат, го одобруваат, продолжуваат, па дури и го охрабруваат насилството во семејството.

Ако сакаме да живееме како деца на светлината, мораме да ја тргнеме темнината во која се јавува семејното насилство во нашата средина. Мораме да водиме сметка едни за други дури и тогаш кога е полесно да се остане настрана.

Оваа изјава се темели на начелата изразени во следниве библиски текстови: 2. Мојсеева 20,2; Матеј 7,12; 20,25-28; Марко 9,33-45; Јован 13,34; Римјаните 12,10.13; 1. Коринќаните 6,19; Тимотеј 5,5-8.

*Сабота, 22 септември 2018*

## 12. АДВЕНТИСТИЧКА ИЗЈАВА ЗА КОЦКАЊЕТО И ИГРИТЕ НА СРЕЌА

Коцкањето и игрите на среќа сè посилно влијаат на сè поголем број луѓе во светот. Идејата да се заработи на сметка на другите стана современо проклетство. Општеството плаќа висока цена за ор-

ганизираниот криминал, жртвите и распадот на семејството, и сето тоа го поткопува квалитетот на животот. Адвентистите доследно се противат на коцкањето и игрите на среќа, сметајќи ги за несоодветни со христијанските начела. Тоа не е соодветен облик на забава, ниту легитимно средство за собирање пари.

Коцкањето и игрите на среќа претставуваат кршење на христијанските начела на управување. Бог ја одредил работата како соодветен начин на стекнување материјална полза, а не играње игри на среќа со цел стекнување добивка за сметка на другите. Коцкањето и игрите на среќа силно влијаат врз општеството. Последиците од криминалот направени за да се платат долгови кои се настанати поради навиката за коцкање, засилените полициски патроли, трошоци за судење, како и криминалот поврзан со дрога и проституција, бараат големи финансиски трошоци. Коцкањето не создава добивка, туку им го одзема и она малку на оние кои честопати не можат да си дозволат губиток, тоа им се овозможува на неколку добитници, а најголемиот добитник секако е сопственикот на коцкарницата. Идејата дека коцкарниците можат да донесат корист на општеството е илузија. Во коцкањето се намалува христијанското чувство за одговорност за семејството, за блиските, за оние на кои им е потребна помош и црквата.

Коцкањето создава лажна надеж. Сонот на коцкарот на „да добие" ја надоместува вистинската надеж со лажниот сон, статистички неостварената можност за добивка. Христијаните својата надеж не треба да ја градат на богатство. Христијанската надеж во славна иднина што ја ветил Бог е загарантирана наспроти коцкарскиот сон. Големата добивка што Библијата ја истакнува е „побожност, задоволство со она што го има". Коцкањето е заразно. Заразноста на коцкањето е несомнено неусогласена со христијанскиот начин на живот. Црквата настојува да помогне, а не да ги осудува оние кои имаат манија од коцка и други зависности. Христијаните се свесни дека се одговорни пред Бог за она што го имаат, како и за начинот на живот.

Организацијата на Адвентистичката црква не одобрува томбола, ниту лотарија за остварување приходи и не ги поттикнува верниците да учествуваат во такви активности, без оглед на тоа колку биле добронамерни. Исто така, Црквата не ги одобрува игрите

на среќа кои ги поддржува државата. Адвентистичката црква ги повикува сите власти да ја спречат сѐ поголемата достапност до коцкањето со штетни последици по поединците и општеството. Адвентистичката црква го отфрла коцкањето и горeприкажаните игри на среќа и нема да бара ниту да прифати пари за кои е јасно дека потекнуваат од тој извор.

*Сабота, 29 септември 2018*

## ИЗЈАВА ЗА МИРОТ

Еден од најголемите политички и етички проблеми на нашата доба е прашањето на војната и мирот. Тоа е сложено и спирално. Очајот го зафаќа срцето и умовите на милиони бидејќи очекуваат нуклеарен холокауст без темелна надеж за животот по смртта или во вечниот живот.

Денес владее нова ситуација во која нема пример во историјата. Човечките суштества создале средства за сопствено уништување, средства кои стануваат сѐ „поделотворни“ и „посовршени“ иако не можеме да кажеме дека тоа се вистинските зборови. Од Втората светска војна па наваму, цивилите не се повремено или случајно повредени; тие станале цел.

Христијаните веруваат дека војната е последица на гревот. Од падот на човекот во грев, конфликтот станал трајна појава во човечкиот живот. „Сатаната ужива во војната. Негова цел е народите да ги раздразни да војуваат едни против други“ (*Големата борба*, стр. 506). Тоа е негова тактика на диверзија за да се попречи проповедањето на евангелието. Иако во последните четириесет години (заб. на прев. пишувано во 1985) е спречен глобален конфликт, сепак помеѓу нациите и во самите земји се воделе околу сто и педесет војни, при што милиони загинале во овие судири.

Денес, секоја влада тврди дека работи на разоружувањето и на мирот. Познатите факти како да го зборуваат спротивното. Народите трошат големи пари од своите пресметки за натрупување нуклеарен и друг воен материјал, доволно да ја уништи денешната по-

стојна цивилизација. Во вестите известуваат за милиони луѓе, жени и деца кои страдаат и умираат во војни и во граѓански немири, па мораат да живеат во беда и сиромаштија. Трката во вооружувањето, со бескрупулозно трошење пари и материјали, е една од најочигледните бесрамности на нашата доба.

Поради тоа, во ред е, а и правилно е тоа што христијаните го промовираат мирот. Црквата на адвентистите на седмиот ден ги повикуваат сите земји своите „мечеви" да ги прековаат „во плугови, а копјата свои - во српови" (Исаија 2,4). Основното верување број 7, засновано на Библијата, тврди дека мажите и жените се „создадени на слава на Бога" и „повикани се да го љубат Бога и едни со други и да се грижат за својата околина", а не да уништуваат или да се повредуваат еден со друг. Христос рекол: „Блажени се миротворците, зашто тие ќе бидат наречени синови Божји!" (Матеј 5,9).

Иако службените изјави на Црквата нема да донесат мир, вистинската христијанска црква помеѓу првото и второто Христово доаѓање ќе работи на мирот. Меѓутоа, надежта во второто доаѓање не смее да живее во општествен вакуум. Адвентистичката надеж мора да се покажува и да се преобрази во трајна грижа за благосостојбата на секој член од човечкото семејство. Вистина е дека дејствувањето на христијаните денес и утре само по себе нема да го осигури царството на мирот; самиот Бог ќе го донесе ова царство со враќањето на својот Син.

Во свет исполнет со омраза и борби, свет на идеолошки и воени конфликти, адвентистите сакаат да бидат познати како миротворци и да се залагаат за правда и мир во светот под водство на Христа како глава на новото човештво.

ГРАДИВО 8/2018

**За подобра саботна школа**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**